РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 03-547/2
02-12-2024 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Прилог

# Извештај за Годишен план за спречување на корупцијата во Секретаријатот за законодавство за 2024 година

Во текот на 2024 година Секретаријатот за законодавство успешно управува со ризикот од појава на корупција. Со оглед на фактот дека Секретаријатот за законодавство во 2024 година не се соочил со проблеми поврзани со корупција, би можело да се констатира дека ризикот од појава на корупција е сведен на минимум. Сепак, ризикот од појава на корупција како можност се анализира со цел да се продолжи со доброто, квалитетното и ефикасно работење, што меѓудругото подразбира и борба против корупцијата и судирот на интереси.

Со Годишниот план за спречување на корупцијата во Секретаријатот за законодавство за 2024 година, Секретаријатот за законодавство успешно ги идентификува можните ризични области за појава на корупција. Соодветно ги идентификува причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата. Исто така, воспоставени се и соодветни алатки и механизми за спречување на корупцијата и канали за известување, односно пријавување на корупцијата. Секретаријатот за законодавство во 2024 година постапува согласно донесените правилници, упатства и интерни процедури со што успешно го сведува на минимум ризикот од појава на корупција.

Транспарентноста на Секретаријатот за законодавство постојано се подобрува преку редовно ажурирање на содржината на web страницата http://www.sz.gov.mk.

Секретаријатот за законодавство и понатаму ќе продолжи со праксата на управување со ризиците, вклучително и ризикот од појава на корупција, да ги следи новите законски решенија од областа на корупцијата, да ги ревидира интерните процедури по потреба и да постапува и презема мерки соодветно на ниво на новонастанатата состојба.

**Секретар**

**на Секретаријат за законодавство,**

**д-р Оливера Нечовска**

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Секретаријат за законодавство
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i Legjislacionit
Shkup